# ИСТОРИЈА НА ОЗНАКИТЕ НА ФК ВАРДАР

*Александар Гижаровски*

Следната 2017 година, на 22 јули, се навршуваат седум децении од формирањето на спортското друштво „Вардар“ од Скопје. Како најголем македонски спортски бренд, „Вардар“ заслужува поголемо внимание во однос на истражувањето, зачувувањето и негувањето на клупската историја и идентитетот. Оваа статија има за цел да ги продлабочи знаењата токму за тие две работи - таа е еден обид да се кондензираат сите достапни извори и да се создаде едно „семејно дрво“ на клубот „Вардар“ преку истражување на фузиите на неговите клубови-претходници, со особен акцент на претставување на нивните клупски бои и обележја низ историјата.

## КЛУБОВИ ПРЕТХОДНИЦИ НА ВАРДАР

Приказната за „Вардар“ е приказна која не оди назад во времето само до 1947 година, со формирањето на „Вардар“ каков што го знаеме денеска. Приказната започнува со самиот почеток на развојот на организираната фудбалска игра на овие простори. Ако се вратиме во 1919 година, ќе дознаеме за клуб кој бил наречен „Напредак“ (срп. „Напредок“). Бил формиран во првите денови на април 1919 година, во кафеаната „Кермес“, во Градскиот парк. Играле во бели дресови и сини гаќички, кои биле подарок од Христијанската заедница на млади луѓе (YMCA). Не се познати амблеми и значки од овој клуб.

По неполни две години, на 20 март 1921 година, во истата кафеана се формира Скопскиот спортски клуб (ССК). Клубот играл во портокалово-бели дресови со пруги, со сини гаќички. Од овој период позната е една значка. Значката има форма на штит, на кој во челото, во првиот ред пишува „СКОПЛАНСКИ“, а во вториот ред пишува „СПОРТ-КЛУБ“. Во полето има седум вертикални линии, обоени бело и златно-портокалово наизменично, а врз нив има фигура на играч со топка, во поза на дриблинг. Значката е широка 17 мм, а висока 23 мм, и е изработена во Виена.

# HISTORY OF THE INSIGNIA OF FC VARDAR

*Aleksandar Gižarovski*

Next year, on July 22, 2017 we will mark seven decades since the establishment of the sports club „Vardar“ from Skopje. As the largest Macedonian sports brand, „Vardar“ deserves more attention in terms of research, conservation and nurturing of the club‘s history and identity. This article aims to deepen the knowledge of exactly those three things - it is an attempt to condense all available sources, and create a „family tree“ of the club „Vardar“ through research of the fusions of its predecessor clubs, with a particular emphasis of the presentation of their club colors and insignia throughout history.

## VARDAR'S FORERUNNER CLUBS

The story of „Vardar“ is one that doesn't go far back in time only to 1947, to the formation of Vardar as we know it today. The story begins with the inception of organized football itself in this region. If we go back to 1919, we‘ll learn about a club that was called „Napredak“ (serb. „Progress“). It was formed in the first days of April 1919, at the cafe „Kermes“ in the City Park. They played in white shirts and blue shorts, which were a gift from the Young Men's Christian Association (YMCA). There are no known emblems and badges of this club.

Almost two years later, on March 20, 1921, in the same café, the Skopje Sports Club (SSK) was formed. The club played in orange and white striped shirts, and blue shorts. From this period one badge is known. The badge was shield-shaped, which, at the top, the first line reads „СКОПЛАНСКИ“ (from Skopje) and in the second row „СПОРТ-КЛУБ“ (sport club). The field has seven vertical stripes, colored white and golden-orange alternately, and over them there is a figure of a player with a ball, in a dribbling posture. The badge is 17mm wide and 23mm high and was made in Vienna. On September 2, 1922 SSK „Makedonija“ was formed, and Vasil Dimitrov - Pupkata was

На 2 септември 1922 година, се формирал и ССК „Македонија“, за чиј претседател бил избран Васил Димитровски - Пупката. Истиот човек веќе следната година бил иницијатор за фузионирање на Скопскиот спортски клуб, „Напредак“ и ССК „Македонија“, па, во август 1923 година, се спојуваат во Обединетиот скопски спортски клуб „Македонија“ (ОССК „Македонија“). За клупска боја била земена белата боја. Но, поради тогашните политичко-државни околности, на ова име не било гледано со симпатии од страна на српската администрација, па веќе во 1925 година се преименува, земајќи го старо-новото име „ССК“.

По враќањето на името во „ССК“, познати се две негови ознаки: едната е амблем кој бил пришиен на дресовите, во кружна форма со три испреплетени букви „ССК“. Втората е значка, на која во средината има црвен правоаголник, на кој со позлатени букви е впишано „СКОПСКИ СПОРТ КЛУБ“, над кој има помал петтоаголен штит во црна боја, на кој со позлатени букви пишува „1919 г.“. Околу црвениот правоаголник има венец во кружна патека чии врвови ги допираат страните на малиот штит. Средишниот правоаголник, малиот штит и венецот се обрабени во златна боја. Од годината на малиот штит можеме да заклучиме дека за година на основање на овој клуб е земена најстарата година на формирање од неговите три клубови-претходници („Напредак“, 1919 година).

Во истиот период се формирани голем број други клубови во Скопје. Во март 1921 година, во кафеаната „Бристол“ е одржано основачкото собрание на СК „Победа“, како работнички клуб. Како клупски бои се земени зелената и белата. Првите неколку години Клубот наизменично го менува името, прво во „Југ“ (1922), па повторно „Победа“, за во 1929 година да го добие името ССК „Југ“. Познати се две верзии од значката на СК „Победа“. Првата значка е во форма на ренесансен штит, со пет наизменични вертикални ленти обоени бело и зелено, наизменично. Средишната зелена лента е со поголема дебелина од останатите. Челото на штитот е во зелена боја, на која со



Значка / Pin, ~1920


Беџ на дрес, рек. АГ / Shirt badge, rec. AG, 1935



Значка / Pin, ~ 1920

elected president. The following year, the same man initiated the fusion of the Skopje Sport Club, Napredak and SSK „Makedonija“, so in August 1923 they merged into the United Skopje Sports Club „Makedonija“ (OSSK „Makedonija“). White was taken as the club color. However, due to the political circumstances at the time, this name was not viewed sympathetically by the Serbian administration, and already in 1925 it was renamed, taking the old-new name „SSK“.

After the return to the old name „SSK“, there are two known badges: one emblem that was sewn on the jerseys, a circular form with three interlocking letters „SSK“. The second is a pin, in whose middle there is a red rectangle on which with gilt letters is inscribed „SKOPSKI SPORT KLUB“, over which there is a smaller pentagonal shield in black, which with gilt lettering reads „1919“. Around the red rectangle there is a circular wreath whose peaks touch the sides of the smaller shield. The central rectangle, the smaller shield and the wreath are outlined in gold. Judging by the inscribed year on the small shield, we can conclude that the oldest date of the formation of its three predecessors. („Napredak“, 1919) is taken as the year of establishment of this club.

In the same period, a good number of other clubs were established in Skopje. In March 1921, in the restaurant named „Bristol“ was held the founding meeting of SK „Pobeda“ (mac.“Victory“) as a workers‘ club. Green and white were taken as club colors. During the first few years the club changed its name three times - first into „Jug“ (mac.“South“) (1922), then again to „Pobeda“, only to settle in 1929 as SSK „Jug“. There are two known versions of a badge of SK „Pobeda“. The first pin is in the form of a renaissance shield with five vertical stripes painted white and green alternately. The central green strip has a greater thickness than the rest. The chief of the shield is green, which with gilt lettering reads „ССК“. Over the vertical stripes there is a white band

позлатени букви пишува „ССК“. Над вертикалните линии има бела лента обрабена златно, поставена дијагонално, на која со златни букви пишува „ПОБЕДА“. Значката има 15 мм ширина и висина, и е изработена во Брезина, Загреб. Втората значка е слична, со таа разлика што штитот е поделен, нема чело, а златните букви „ССК“ се испишани при врвот на вертикалните линии, при што секоја од буквите е напишана во посебна лента. Втората разлика е што под дијагоналната лента се наоѓа стилизирана фудбалска топка во портокалова боја, обрабена златно. Единствената позната значка од ССК „Југ“ има кружна форма, при што во средината има впишан круг. Значката е поделена хоризонтално, при што горната половина од впишаниот круг и долната половина од надворешната лента се црни, а долната половина од впишаниот круг и горната половина од надворешната лента се бели. Во горната половина од надворешната лента со златни букви е испишано „СКОПСКИ СПОРТ КЛУБ“, а врз впишаниот круг се испишани стилизирани букви „ЈУГ“, во обратна боја од впишаниот круг. На долниот дел од впишаниот круг со златни букви е испишано „1921“, што ја означува годината на основањето на ССК „Победа“, клубот-претходник на ССК „Југ“. Изработена е во Левингер и во Свеќенски, Загреб.

Во мај 1922 година, во кафеаната „Зрински“, којашто се наоѓала зад стариот театар во Еврејското маало, е формиран најзначајниот скопски клуб од предвоениот период - СК „Грађански“ (срп. Граѓански). Во почетокот „Граѓански“ играл во црно-бели дресови со пруги и бели гаќички, за во 1930 година да се префрли на бели дресови и бели гаќички, со кои го постигнал најголемиот успех - влез во тогашната Прва лига на Кралството СХС. Постојат три значки од Клубот. Првата е позлатена плочка во кружна форма со дијаметар од 20 мм, на која во средината се наоѓа релјефна претстава од играч со топка во дриблинг. Во горниот дел по кружна патека се впишани буквите „ГРАЂ. СПОРТКЛУБ“, а во долниот дел пишува “★ SKOПЊЕ ★” (sic). Земајќи предвид дека значката е изработена во Виена, можеме да претпоставиме дека ова



Значка / Pin, ~1920



Значка / Pin, ~1920



Значка / Pin, ~1920

lined gold, set diagonally, on which in golden letters is written „ПОБЕДА“. The pin is 15mm wide and high, and is produced by Brezina Zagreb. The second pin is similar, except that the shield doesn't have a chief, and „ССК“ is inscribed with golden letters at the top of the vertical stripes, with each of the letters being written in a separate strip. The second difference is that under the diagonal bar there is a stylized soccer ball in orange, outlined in gold. The only known pin of SSK „Jug“ has a circular shape, with another inscribed circle in the center. The pin is divided horizontally, with the upper half of the inscribed circle and the lower half of the outer band being black and the bottom half of the inscribed circle and the upper part of the outer band being white. In the upper half of the outer band with golden letters is written „СКОПСКИ СПОРТ КЛУБ“ (Skopje Sports Club), and in the inscribed circle there are stylized letters „ЈУГ“ in inverse color of the inscribed circle. In the lower part of the inscribed circle the year „1921“ is written in golden letters, indicating the year of the founding of SSK „Pobeda“, the club predecessor of SSK „Jug“. This pin was produced by Levinger and Svećenski Zagreb.

In May 1922, in the „Zrinski“ restaurant which was located behind the old theatre in the Jewish quarter, the most important club in Skopje from the pre-war period was formed - SK „Građanski“ (serb.“Citizen's club“). Early on, „Građanski“ played in black and white striped shirts and white shorts, only to switch to all-white jerseys in 1930, with which it reached its greatest success - entry into the then League of the Kingdom of Serbs, Croats and Slovenes. There are three known pins of this club. The first is a gilded plate with a circular shape with a diameter of 20mm, on which in the middle is located a relief image of a player with the ball in a dribbling posture. In the upper part along a circular path the letters „ГРАЂ. СПОРТКЛУБ“ are inscribed, and at the bottom „★ SKOПЊЕ ★“ (sic). Considering that the badge was made in Vienna, we can assume

е печатна грешка која произлегува од незнаењето на кириличната азбука од страна на работниците во леарницата. Втората значка на клубот е во кружна форма со впишан круг, во кој има црно-бела шаховница со по шест полиња во ширина и висина. Во надворешната лента, во горниот дел со златни букви се впишани буквите „ГРАЂАНСКИ С.К.“, а во долниот дел буквите „СКОПЉЕ 1922“. Оваа значка има дијаметар од 14 мм, а е изработена во Сорлини, Вараждин. Третата значка е со петтоаголна форма во бела боја, во која се наоѓа црн круг со впишан бел круг. Во горниот дел од црниот круг со златни букви е впишано „ГРАЂАНСКИ СПОРТ КЛУБ“, а во долниот дел е впишано „СКОПЉЕ“. Во впишаниот бел круг, со црна боја стои буквата „Г“. Значката е со ширина од 18 мм и висина од 17 мм.



Значка / Pin, ~1925




Значка / Pin, ~1925




Значка / Pin, ~1930

Во 1929 година е основан и ССК „Славија“, чии бои биле црната и сината. Значката на Клубот е во форма на ренесансен црн штит обрабен златно, чиј долен дел е трозабно пресечен. Во средина на штитот има дијагонална сина лента обрабена златно, на која со позлатени букви е испишано „СЛАВИЈА“. Во горниот дел на штитот, над лентата, следејќи го нејзиниот дијагонален правец се испишани позлатените букви „ССК“. Во долниот дел на штитот, веднаш до лентата, во хоризонтала стојат позлатените букви „1929“, а средишно поставена при основата на штитот се наоѓа и стилизирана фудбалска топка во портокалова боја, обрабена златно. Значката е 18 мм широка и 22 мм висока. Изработена е во Левингер и Свеќенски Загреб.

Како куриозитет, ќе кажеме и за клубот „Вардар“ од скопското маало Топаана. Но, овој клуб, иако го дели името со денешниот „Вардар“, не е историски поврзан со него. Основан е во 1924 година, а по ослободувањето формиран е ФК „Единство“ како негов наследник. „Единство“ постоеше до раните 2000ти години, делејќи го стадионот „Чаир“ заедно со „Балкан“ и „Слога“.

Непосредно по фашистичката окупација на Југославија и Македонија,




Значка / Pin, ~1930

that this is a typographical error arising from ignorance of the Cyrillic alphabet by workers in the factory. The second badge of the club has a circular shape with an inscribed circle, which has a black and white checkerboard with six columns horizontally and vertically. In the upper part of the outer band the letters „ГРАЂАНСКИ С.К.“ are inscribed in gold, and at the bottom are the letters „СКОПЉЕ 1922“. This shield has a diameter of 14mm and is made in Sorlini Varaždin. The third pin has a white pentagonal form, in which there is a black circle with a white circle inscribed. In the upper part of the black circle „ГРАЂАНСКИ СПОРТ КЛУБ“ is inscribed with golden letters, and at the bottom it says „СКОПЉЕ“. In the white inner circle the letter „Г“ is inscribed in black. The pin has a width of 18mm and height of 17mm.

In 1929 SSK „Slavija“ was founded, whose colors were black and blue. The pin of the club is in the form of a black renaissance shield outlined in gold, whose lower part has a three-pronged cut. In the middle of the shield there is a blue diagonal bar lined gold, in which with gilt lettering is written „СЛАВИЈА“. In the upper part of the shield, over the bar, following its diagonal direction are inscribed golden letters „ССК“. In the lower part of the shield, next to the bar, stand gilded letters „1929“ horizontally, and centrally placed at the base of the shield there is a stylized soccer ball in orange, gold-veined. The pin is 18mm wide and 22mm high. It was made in Levinger and Svećenski Zagreb.

As a curiosity, we will also mention the club „Vardar“ from Skopje's Topaana neighbourhood. But this club, although it shares the name with today's Vardar, is not historically connected with it. It was founded in 1924 and after the liberation was re-formed as FK „Edinstvo“. It existed until the early 2000s, sharing the stadium „Čair“ along with „Balkan“ and „Sloga“. Immediately after the occupation of

во Скопје се фузионираат четирите најсилни клубови: „Граѓански“, „ССК“, „Југ“ и „Славија“. На 10 август 1941 година, во киното „Уранија“ (денес „Култура“) се оформува СК „Македония“ (буг. „Македонија“), која неколку години во текот на Втората светска војна со успех се натпреварува во Бугарското државно првенство. Клубот играл во бели дресови со црни гаќички. Амблемот на Клубот бил во форма на црн круг, во кој со бела боја била исцртана стилизирана буква „М“. Постои и значка од клубот, која е во форма на црн круг со впишан црвен круг, во чија средина стои посребрена стилизираната буква „М“. Во горниот дел од надворешниот црн круг се впишани посребрени букви „СК. МАКЕДОНИЯ“, а во долниот дел посребрени букви „СКОПИЕ“. Значката е со дијаметар од 15 мм. Автор на овој амблем бил арх. Михо Чакела.

По ослободувањето, „Македонија“ продолжува со својата активност, но повторно се оформуваат и голем број други клубови во Скопје, при што повеќето добиваат нови имиња кои биле во согласност со револуционерниот дух на тогашното време. Сепак, еден од оние клубови кои се оформува под старо име бил „Победа“, како клуб на железничарите. Значката на „Победа“ има зелена кружна форма, црвено обрабена, зад која се наоѓа црвена петокрака. Во кругот има црвен впишан круг, во кој се наоѓа знакот на железничарите, кој е позлатен. Во горниот дел од зелениот круг, со златни букви е испишано „ПОБЕДА“, во долниот дел „СКОПЈЕ“, на левата страна во средина на вертикалата стои буквата „С“, а од десната страна буквата „Д“ (двете означувајќи „спортско друштво“). Токму ривалството меѓу „Македонија“ и „Победа“ го претставувало најинтересниот дел од првото повоено регионално првенство во СР Македонија, при што како победник излегла „Победа“, која се здобила со право на настап во првата сезона од Федералната прва лига на Југославија. По неуспехот за опстанок во Лигата



Значка / Pin, ~1930


Беџ на дрес / Shirt badge 1943



Значка / Pin, 1943



Значка / Pin, 1946

Yugoslavia and Macedonia, Skopje's four strongest clubs fused: „Gragjanski“, „SSK“, „Jug“ and „Slavija“. On August 10, 1941, in the cinema „Uranija“ (now „Kultura“) SK „Makedonija“ was formed, which several years during World War II successfully competed in the Bulgarian national championship. The club played in white shirts with black shorts. The badge of the club is in the form of a black circle, in which a stylized letter „M“ in white was placed. There is a pin of the club, which is in the form of a black circle with a red circle inscribed, in which a silver stylized letter „M“ stands. In the upper part of the outer black circle „СК. МАКЕДОНИЯ“ is inscribed, and in the lower part are the silver letters „СКОПИЕ“. The pin has a diameter of 15mm. The author of this emblem was architect Miho Čakela.

After the liberation, „Makedonija“ remains active, but also a good number of other clubs were formed or re-formed in Skopje as well, most of them receiving new names that were consistent with the revolutionary spirit of the time. However, one of those re-formed clubs takes its old name „Pobeda“, and acts as a club of the railway workers. The pin of „Pobeda“ has a green ring shape, outlined in red, behind which lies a red five-pointed star. In a red inscribed circle, there is the symbol of the railway, which is gold plated. In the upper part of the green circle „ПОБЕДА“ is written with golden letters, and at the bottom „СКОПЈЕ“. On the left side in the middle of the vertical the letter „C“ stands, and on the right the letter „Д“ (both denoting „sports society“). The rivalry between „Makedonija“ and „Pobeda“ represented the most interesting part of the first post-war regional championship in SR Macedonia, where the winner was „Pobeda“, who gained the right of appearance in the first season of the First Federal League of Yugoslavia. After the failure to survive in the league, FD „Pobeda“ and the success of „Makedonija“ in Macedonian Regional League, the rules said that „Makedonija“

на ФД „Победа“, а со успехот на „Македонија“ во Регионалното македонско првенство, според правилата, требало „Македонија“ да игра во Првата југословенска лига, а „Победа“ да испадне во Македонската регионална лига. Но, по одлука на локалните власти за зајакнување на врвниот спорт, со цел формирање единствен посилен клуб кој не би го претставувал само градот Скопје, туку и СР Македонија во Федералната прва лига, на 22 јули 1947 година, во киното „Вардар“, „Македонија“ и „Победа“ се фузираат во денешниот „Вардар“.

## АМБЛЕМИТЕ НА ФК ВАРДАР

Од почетокот на своето постоење, „Вардар“ претставувал едно спортско друштво со повеќе спортски секции, при што главниот примат секогаш го имала фудбалската екипа. Но, со текот на времето, а особено во почетокот на транзицијата, спортското друштво „Вардар“ се поделило на неговите составни спортски екипи, па така добивме посебни сопственици и раководства на: фудбалскиот, ракометниот, кошаркарскиот, одбојкарскиот „Вардар“ и др. Спортското друштво, иако формално продолжило да постои, во пракса ја немало обединувачката моќ од минатото, па сето тоа придонело различните спортски екипи да добијат сопствени ознаки. Во овој текст ќе се задржиме исклучиво на ознаките на фудбалскиот клуб.

Во својата историја, „Вардар“ имал не помалку од 18 различни амблеми, кои не ретко биле користени по два или повеќе истовремено. Ова, барем делумно, е резултат на немање стандарден еталон, па така, на пример, амблемот кој бил пришиван на дресот бил различен од оној кој бил користен во печатените материјали (карти, меморандуми, во печатот итн.), а, пак, некогаш и сосем трет амблем бил истовремено лиен во форма на беџови. Одредени амблеми се користеле, па паѓале во заборав, за повторно да бидат користени дури и по неколку децении. Во оваа статија ќе пробаме да ги категоризираме дизајните на Вардаровите амблеми, подредени според годината на прво појавување. Тие категории содржат еден дизајн, или повеќе дизајни кои за малку отстапуваат еден од друг. Пред да почнеме со категоризацијата, значајно е да се спомене дека на основачкото собрание во 1947 година, било решено клупските бои да бидат сината и белата, но веќе на следното годишно собрание,

should play in the first Yugoslav league next season, and „Pobeda“ should be relegated to the Macedonian Regional League. But, after the decision of local authorities to strengthen the professional sport, with the aim of creating a single powerful club that will represent not only the city of Skopje, but the Socialist Republic of Macedonia as a whole in the Federal League, on July 22, 1947, in the cinema called „Vardar“, „Makedonija“ and „Pobeda“ merged into today‘s „Vardar“.

## THE EMBLEMS OF FC VARDAR

Since the beginning of its existence, „Vardar“ represented a sports society with more sections, the main one always being the football team. But over time, especially right after Macedonia’s independence, the sports society „Vardar“ split into its component sports teams, so separate owners and managements were in charge of football, handball, basketball, volleyball etc. The sports society, although formally continued to exist, in practice had lost the unifying power of the past, so this contributed that the various sports teams get custom insignia. In this article we will focus exclusively on the insignia of the football club.

In its history, „Vardar“ had no less than 18 different emblems which often used two or more simultaneously. This is due, at least partly, to the lack of a visual standard, so, for example, the emblem which was stitched on the shirt was different from the one used in printed material (maps, memos, in the press, etc.), all while a third design was simultaneously molded in the form of pins. Some emblems were used, then fell into oblivion, only to be used again even after several decades. This article will attempt to categorise the designs of „Vardar“’s emblems, sorted by year of first appearance. These categories contain one or multiple designs that deviate slightly from one another. Before we begin with the categorization, it is worth mentioning that at the constituent assembly in 1947, it was decided that the club colors would be blue and white, but already at the next annual meeting in 1948 it was decided that the colors will change to red and white . Existing insignia of the initial blue-white period of „Vardar“

во 1948 година, било решено боите да се сменат со црвената и белата. Постоечки ознаки од почетниот сино-бел период на Вардар не се познати.

**I.** Првата позната ознака на ФК „Вардар" е значка која има форма на триаголен, благо заоблен штит со црвена боја, на која се наоѓа бела буква „В", а над буквата „В" има две бели ленти, обрабени златно. Во првата лента со позлатени букви е испишано „ФК ВАРДАР", а во втората лента е испишано „С К О П Ј Е". Значката е емајлирана, со позлатени рабови и со ширина од 13 мм и висина од 14 мм. Изработена е во ИКОМ Загреб. Во печатени материјали може да се сретне сличен амблем, но со жолта наместо бела буква „В", и со една лента над неа во која со жолти букви е испишано „ФК ВАРДАР". Сличен амблем бил пришиен на дресовите на „Вардар" во 60-тите години, но со поголема висина и со поголема бела буква „В" во средината.

**II.** Втората позната ознака се наоѓа во списанието „Фудбал" бр.24, од 10 јануари 1952 година. Таа е отпечатена во црно-бело, а содржи стилизирана буква „В" во чиј долен дел се наоѓа фудбалска топка, а од десната страна на буквата се наоѓаат елементи од градскиот грб (Калето, Камениот мост и реката Вардар).

**III.** Третата позната ознака за прв пат се наоѓа, исто така, во списанието „Фудбал" бр.46, од 25 февруари 1954 година. Бидејќи списанието е испечатено во црно-бело плус една боја (која како тема варира од број во број), а амблемот на „Вардар" е испечатен со сина боја (тематската боја на бројот), ќеземеме за слобода да сметаме дека кај амблемот на „Вардар", сината боја, всушност, е црвена, земајќи ги предвид клупските бои во тоа време. Овој амблем се појавува уште во неколку броеви на списанието „Фудбал" (бр. 91, од 14 де-

are not known.

**I.** The first known insignia of FK „Vardar" is a pin which has a triangular, slightly curved shield in red, which is a white letter „B" (cyrillic „V"), and over the letter „B" there are two white bands, outlined in gold. In the first band with gilt lettering is written „ФК ВАРДАР" and in the second band it's inscribed „С К О П Ј Е". The pin is enamelled, with gold edges, and has a width of 13 mm and a height of 14mm. It was made by IKOM Zagreb. We may encounter a similar emblem in printed material, but with a yellow instead of a white letter „B" with one band above it, in which with yellow letters is inscribed „ФК ВАРДАР". A similar emblem was sewn on the jerseys of „Vardar" in the 60s, but with greater height and a bigger white letter „B" in the middle.

**II.** The second emblem is found in the journal „Futbal" No. 24 from 10 January 1952. It is printed in black and white and contains a stylised letter „B" in whose lower part there's a football, and on the right side there are elements of the city Coat of Arms (the Kale fortress, the Stone Bridge and the river Vardar).

**III.** The third known emblem is found for the first time also in the magazine „Futbal", in issue 46, from 25 February 1954. Since the magazine is printed in black and white plus one color (which varies from issue to issue), and the emblem of the „Vardar" is printed in blue (the thematic color of the issue), we will take the liberty to deduct that in this emblem of „Vardar", the blue color is actually red, considering the club's colors at the time. This emblem appears again in several issues of the magazine „Futbal" (No.91 from December 14, 1954 and No.117 from 22 June

I




Значка / Pin, 1946




Списание / Print, ~1950




Беџ на дрес / Shirt badge ~1960

II



Весник / Newspaper 1952

III




Весник / Newspaper 1954

кември 1954; и бр.117, од 22 јуни 1955), но во црна боја. Амблемот има штитовидна форма, на која се поставени пет црвени линии на бела основа. На врвот има две бели ленти обрабени црвено. Во првата лента, на левиот крај стои буквата „Ф“, а на десниот крај стои буквата „К“. Во лентата под неа е испишано „ВАРДАР“. Врз штитот е поставена црвена ѕвезда чиј центар се наоѓа во средината на горниот раб на штитот.

Постои анегдота дека по катастрофалниот земјотрес од 1963 година, клубот добива помош во вид на спортска опрема од фудбалскиот клуб „Милан“ од Италија, по што „Вардар“ повторно ги менува своите клупски бои, заменувајќи ја белата со црна. Но, има и друга верзија која вели дека промената на бојата е во знак на солидарност со жртвите од катастрофалниот земјотрес. Каква и да е вистинската причина, овие клупски бои стануваат официјални и опстојуваат до ден денешен.

**IV.** По повод 25-годишнината од основањето на клубот, издадена е комеморативна значка. Штитот е во заоблена триаголна форма, на кој на црвено поле се наоѓаат две црни ленти. Над нив стои бела буква „В“. Челото на штитот е во бела боја, во кое со златни букви е испишано „ФК ВАРДАР“. Под штитот има кратка црвена лента која ја следи формата на штитот, во која со златни бројки стои „25“. Околу штитот има златен венец. Основниот штит од оваа значка ќе биде користен понатаму од страна на клубот како негов нов амблем во следните неколку години. По две децении, во 1995 и 1996 година, клубот повторно ќе го искористи овој дизајн во картите за натпреварите.

**V.** Во 1974 година, ќе се видоизмени претходниот амблем, при што горниот заоблен раб на амблемот ќе биде израмнет. Верзијата за печат на овој амблем долго време ќе остане како еден вид еталон кој ќе биде користен од страна на југословенскиот печат, дури и по усвојувањето нови амблеми од страна на клубот, а сè до распадот на СФРЈ. Дизајнот ќе биде приспособен и за знаменце во форма на издолжен

1955), but in black. The emblem has a shield form, in which there are five red stripes on a white background. At the chief of the shield, there are two white bands outlined in red. In the first band, is the letter „Ф“ on the left end and the letter „К“ at the right end. In the band underneath it it's written „ВАРДАР“. Above the shield there's a red star centred in the middle of the top edge of the shield.

There is an anecdote that says that after the devastating earthquake of 1963, the club received aid in the form of sports equipment from AC „Milan“ from Italy, following which „Vardar“ again changes its club colors, replacing the white with black. But there is another version that says the color change came as a sign of solidarity with the victims of the devastating earthquake. Whatever the real reason, these club colors become official and persist to this day.

**IV.** On the occasion of the 25th anniversary of the founding of the club, a commemorative badge was issued. The shield has a rounded triangular shape, in which on a red field there are two black stripes. Over them stands a white letter „В“. The chief of the shield is white, in which in golden letters is written „ФК ВАРДАР“. Under the shield there's a short red ribbon that follows the shape of the shield, in which „25“ is written with golden figures. Around the shield there's a golden wreath. The basic shield from this pin will be used further by the club as a new emblem in the next few years. After two decades, in 1995 and 1996, the club used this base design for the match tickets.

**V.** In 1974 the previous emblem was altered, where the upper curved edge of the emblem was leveled. A printed version of this emblem long remains as a kind of standard that will be used by the Yugoslav press, even after the later adoption of new emblems by the club, all until the breakup of Yugoslavia. The

IV




Значка 25 години
Pin 25 years, 1972

Значка / Pin, 1972

Карта / Ticket, 1996

рамностран триаголник, но ова се смета повеќе за компромисна апликација на постојниот дизајн врз целниот медиум отколку за сосем нов дизајн.

**VI.** Во 1978 година, клубот издава нови знаменца и значки, кои за прв пат немаат штитовидна форма, туку се во форма на круг. Основата е бел круг, во кој е впишан црвен круг. Во црвениот круг стои буквата „В“, која во првата верзија на знаменцето е црна, а во понатамошните верзии, како и во значките, е со златно-жолта боја. Во горниот дел од белиот круг е испишано „ФК ВАРДАР“, а во долниот дел „СКОПЈЕ“. Во печатените материјали се користи малку видоизменета верзија, при што средишниот круг е двојно обрабен со бела и црвена боја, буквата „В“ ја зафаќа речиси целата површина на црвениот круг и е во бела боја, а во белиот круг е испишано целосното име, т.е. „ФУДБАЛСКИ КЛУБ - ВАРДАР“ во горниот, и „- СКОПЈЕ –“ во долниот дел.

**VII.** Во 1980 година е издадено едно знаменце со нов дизајн на амблемот на „Вардар“. Клубот се враќа на штитовидниот дизајн, чиј горен раб е брановидна линија. На штитот, на црвена основа се наоѓаат две вертикални црни ленти, златно обрабени. Меѓу лентите со златна боја стои буквата „В“, а под неа, за првпат стои и годината на формирање – „1947“, исто така, со златни бројки. Во црвено чело на штитот со златни букви е

**V**



Весник / Newspaper
1974



Знаменце / Pennant
~1975



Знаменце / Pennant
1945



Знаменце /Pennant, ~1978



Значка / Pin, ~ 1980



Значка / Pin, ~ 1978

design was adapted for a pennant in the shape of an elongated isosceles triangle, but this is considered more as a compromise application of the existing design on the target medium than as a completely new design.

**VI.** In 1978, the club issued new pennants and pins, which for the first time don't have a shield form, but a form of a circle. The base is a white circle in which there is an inscribed red circle. In the red circle the letter „В“ is inscribed, which in the first version of the pennant is black, and in subsequent versions, as well as pins it has a golden-yellow color. In the upper part of the white circle is inscribed „ФК ВАРДАР“, and in the lower „СКОПЈЕ“. In the printed materials they used a slightly different version, with the middle circle being double outlined with white and red, with the letter „В“ occupying almost the entire surface of the red circle and is white, and in the outer white circle the full name is inscribed, i.e. „ФУДБАЛСКИ КЛУБ - ВАРДАР“ on the top, and „- СКОПЈЕ –“ on the bottom.

**VII.** In 1980 a new pennant was issued with a new design of the emblem of „Vardar“. The club returned to the shield design, whose upper edge has the form of a wave. On the red shield there are two vertical black stripes, gold lined. Between the stripes there is a gold letter „В“,

**VI**



Знаменце / Pennant
1978



Значка / Pin, 1978



Весник / Newspaper
1978



Знаменце / Pennant
~ 1980



Карта / Ticket
1978-1985

VII



Знаменце / Pennant
1980

VIII



Значка 35 години
Pin 35 years, 1982



Приврзок / Keyring
1982

испишано „ФК ВАРДАР“. Над штитот, следејќи ја формата на брановидниот горен раб, стои стилизирана старинска фудбалска топка во црвена боја, со златни рабови. На левата и на десната страна од топката, следејќи ја формата на горниот раб на штитот, се наоѓаат по 10 декоративни ливчиња.

**VIII.** Во 1982 година, по повод 35-годишнината од основањето, клубот ќе издаде нова комеморативна значка. Дизајнот е сличен на оној од претходното знаменце, при што стилизираната топка е намалена и е заменета со помодерна топка со петтоаголни составни елементи. Наместо во одвоено чело, натписот „ФК ВАРДАР“ се наоѓа во црвена лента која ги пресекува црните вертикални ленти. Под вообичаената буква „В“ стојат две години – „1947“, која го означува формирањето, и „1982“ која ја означува 35-годишнината. Истиот дизајн ќе биде реискористен и при одбележувањето на 40-годишнината.

**IX.** Во меѓувреме, регуларните значки, т.е. тие што не се издадени по повод годишнини, ќе го задржат челото во црвена боја, при што левиот и десниот горен агол на штитот ќе бидат благо заоблени.

Интересно е да се забележи дека во овој период се наоѓаат три дизајни на амблемот чие

and below it, for the first time there's the year of establishment - „1947“, also in gold. In the red chief of the shield „ФК ВАРДАР“ is written with golden letters. Above the shield, following the shape of the upper edge, there's a stylized old-fashioned soccer ball in red with gold trim. On the left and right sides of the ball, following the shape of the upper edge of the shield, there are 10 decorative leaves.

**VIII.** In 1982, on the occasion of 35 anniversary of the founding, the club issued a new commemorative badge. The design was similar to that of the previous flag, with the stylized ball being reduced and replaced with a more modern ball, with pentagonal constituent patches. Instead of a separate chief, the inscription „ФК ВАРДАР“ is in a red band that cuts the black vertical stripes. Under the usual letter „В“ stand two years - „1947“ indicating the formation, and „1982“ which marks the 35th anniversary. The same design was used for the celebration of the 40th anniversary.

**IX.** Meanwhile, regular pins, i.e. those not issued to mark anniversaries, will retain the chief in red, with the left and the right upper corner of the shield being slightly rounded. It is interesting to note that from this period there are three designs whose use is more like a one-time exception than a new official emblem:

**X.** On the cover of the official program of the match between „Vardar“ and „Dundee United“ from November 6, 1985 there is an emblem that is similar to the previously described one, but with rounded edges and a small ball on the top edge. The chief of the shield is separated from

IX



Значка 40 години
Pin 40 years, 1987



Значка / Pin
~ 1980



Значка / Pin
~ 1980



Значка / Pin
~ 1980



Значка / Pin
~ 1980

X




Од програмата за натпреварот со Данди Јунајтед / From the match programme against Dundee United, 1985

XI




Знаменце / Pennant ~ 1980

XII




Членска книшка Membership card ~ 1980

користење е повеќе еднократен исклучок отколку нов официјален амблем:

**X.** На насловната страница на официјалната програма на мечот помеѓу „Вардар“ и „Данди Јунајтед“, од 6 ноември 1985 година, се наоѓа амблем кој е сличен на претходно опишаните, но со заоблени рабови и со ситна топка врз горниот раб. Челото на штитот е одвоено од долниот дел со тенка црвена лента обрабена црно. Во средината се наоѓа црвена буква „В“, двојно обрабена црвено и црно.

**XI.** Од овој период потекнува и знаменцето со штитовидна форма со двојно прекршени страни, во црвена боја, на која се наоѓаат две тенки црни вертикални линии, меѓу кои стои црвена буква „В“, обрабена црно. На челото, кое е во црвена боја, е испишано „фк ВАРДАР“, а под челото, над буквата „В“, измеѓу двете црни вертикални линии, со црна боја е испишано „СКОПЈЕ“. Под буквата „В“ стои годината „1947“ во црна боја.

**XII.** Уникатен дизајн се наоѓа и на членска книшка од 80-тите години, кој е во форма на издолжен штит, овојпат во црна боја, на кој се наоѓаат две црвени ленти, врз кои со златна боја стои буквата „В“. Челото на штитот е во црвена боја, обрабено со златна боја, во кое со златни букви е испишано „ФК•ВАРДАР•“.

**XIII.** Во 1987 година е усвоен амблемот кој е основа на повеќе верзии, од кои една се користи и ден-денес од страна на клубот. Основниот штит е со црвена боја, на која се наоѓаат две црни вертикални линии. Над нив стои златна буква „В“, а под неа, исто со златна боја е испишана годината на основање „1947“. Во челото на штитот, кое е во златна боја, со црвени букви е испишано „фк•Вардар•“. Горниот раб на штитот има брановидна форма која ја следи формата на двете златни гранчиња, кои се наоѓаат над штитот, меѓу кои стои стилизирана старинска фудбалска топка во златна боја. Овој дизајн ќе добие неколку преработки, кои варираат во формата на штитот, и/или во стилот на

the lower part with a thin red stripe rimmed black. In the middle there is a red letter „B“, double outlined red and black.

**XI.** From this period also comes the pennant in the form of a pentagonal shield in red, with the lower part being slightly narrower, on which there are two thin black vertical lines, between which stands a red letter „B“, rimmed black. On the chief, which is red, is inscribed „фк ВАРДАР“ and below the chief, above the letter „B“, between two black vertical lines it's written „СКОПЈЕ“ in black. Under the letter „B“ stands the year „1947“ in black.

**XII.** A unique design is found on the membership card from the 80s, which has the form of an elongated shield, this time in black, on which there are two red stripes, over which stands a golden letter „B“. The chief of the shield is red, bordered in gold, in which „ФК•ВАРДАР•“ is inscribed with golden letters.

**XIII.** In 1987 the club adopted a new emblem which is the basis of several later versions, one of which is used today by the club. The basic shield is red, on which are two black vertical lines. Above them stands a golden letter „B“, and underneath, with the same golden color is written the year of establishment „1947“. In the chief of the shield, which is golden, the letters „fk •vardar•“ are inscribed in red. The upper edge of the shield has a wavy shape that follows the shape of two golden branches, which are located above the shield, between which stands an old-fashioned, stylised soccer ball in a golden color. This design will get a few adaptations, which vary by the shape of the shield and/or style of the inscription on the forehead of the shield, which have variations in capital letters („ФК.ВАРДАР.“), in latin ( „FC •VARDAR•“) and/or the style of soccer ball on top (newer versions use a modern soccer ball in black and white).

натписот во челото на штитот, при што имаме варијанти со големи букви („ФК. ВАРДАР.“), на латиница („FC•VARDAR•“), и/или, пак, во стилот на фудбалската топка при врвот (поновите варијанти користат модерна фудбалска топка, во црно-бела варијанта).

**XIV.** Во 1995 година, краткотрајно, но значајно за забележување, се користи нова верзија на штитот, во кој буквата „В“ и годината „1947“ се во бела боја, челото, исто така, е бело, во кое со црвени букви стои „ФК ВАРДАР“, а на врвот стои модерна фудбалска топка во црно-бела боја. Над горниот раб се наоѓаат по шест украсни ливчиња кои ја следат формата на работ, а се спојуваат кај фудбалската топка.

**XV.** Сличен дизајн на категоријата (IX) е искористен при изработката на знаменцето кое ја одбележува 50-годишнината од основањето. Единствената разлика е што при врвот, горните рабови на штитот се слеани со украсните ливчиња, формирајќи гранки, и не формираат затворена линија на штитот, туку се отворени. Во средината, измеѓу отворените гранки се наоѓа модерна фудбалска топка.

**XVI.** Од 1997 до 2001 година, во сите печатени материјали од клубот, се користат две верзии кои го имаат за основа дизајнот на комеморативната значка за 35-годишнината, од категоријата (VIII). Разликата е што на врвот се наоѓа модерна фудбалска топка во црно-бела боја, и буквата „В“ е во бела боја (во верзијата од 1997 до 1999), односно црна боја (од

XIII




Знаменце / Pennant
1987




Знаменце / Pennant
1993




Знаменце / Pennant
~ 1990




Весник / Newspaper
2002




Интернет / Internet
~ 2000




Амблем на дрес
Jersey patch, 2011

**XIV.** In 1995, only for a short term, but still worth noting, a new version of the shield was used, in which the letter „В“ and the year „1947“ are white. The chief is also white, in which the red letters „ФК ВАРДАР“ stand, and at the top stands a modern soccer ball in black and white. Above the upper edge there are six decorative leaves that follow the shape of the edge, and merge with the football.

**XV.** A similar design to the category (IX) is used in the design of the pennant which marks the 50th anniversary of the club's establishment. The only difference is that at the top, the upper edges of the shield are merged with the decorative leaves, forming branches, and do not form a closed line at the top of the shield. In the middle, between the open branches is located a modern football.

**XVI.** From 1997 to 2001, in all printed materials the club used two versions which have as a base the design of the commemorative badge for the 35th anniversary, the category (VIII). The difference is that at the top there is the modern soccer ball in black and white, and the letter „В“ is white (in the version from 1997 to 1999) or black (1999 to 2001). All other text elements are black in both versions.

XIV




Весник / Newspaper
1995

XV




Знаменце 50 години
Pennant 50 years, 1997

1999 до 2001 година). Сите останати текстуални елементи се во црна боја и во двете верзии.

**XVII.** Во некои печатени изданија, во периодот 1999-2000 година, се наоѓа верзија која е слична на категоријата (XIV), но со пократка висина, и со златно-жолта буква „В“. Постои сомневање дека оваа верзија никогаш не била официјално користена од страна на клубот, туку е производ на креативноста на некој графички работник, кој во недостиг на официјален фајл од амблемот на клубот ја има креирано оваа верзија.

**XVIII.** На неколку билети од кампањата на Вардар во квалификациските рунди за влез во Лигата на шампионите во 2003 година, се наоѓа уште една верзија на амблемот, за која постои истото сомневање дека не бил никогаш официјален амблем, туку ад-хок решение за кое во моментот можеби се чинело дека е доволно добро за да се најде на билетот.

Од сево ова можеме да заклучиме дека иако „Вардар“ има ретко богата историја на клупски ознаки и иако тие во голем дел следат еден шаблон кој се повторува низ времето (штит во црвена боја, со вертикални црни линии, врз нив буква „В“), за жал, секогаш не е внимавано на конзистентноста при користењето на актуелна официјална верзија на амблемот. Авторот на овие редови изразува двоумење дали воопшто може да се зборува за постоење официјална верзија на клупскиот амблем на ФК „Вардар“, и тоа во кој било временски период. И во ден-денешен, продолжува практиката да се користи една верзија за печат, друга за апликација врз дрес, трета на вебстраницата и сл. Останува надежта дека во блиска иднина ќе се стори нешто повеќе на овој план, па и „Вардар“ ќе заличи на еден клуб кој посветува соодветно внимание на својот заштитен знак - амблемот. ■

XVI




Карти / Tickets
1997-1999




Карти / Tickets
1999-2001

**XVII.** In some printed publications from 1999-2000 there is a version that is similar to the category (XIV), but with a shorter height, with a golden-yellow letter „B“. There is a suspicion that this version was never officially used by the club, but is the product of the creativity of a certain graphic designer, who in the absence of an official file of the emblem of the club has created it.

**XVIII.** Several tickets from Vardar's campaign in the qualifying rounds of the Champions League in 2003 have another version of the emblem for which there is the same suspicion, never being an official emblem but an ad-hoc solution which at the time may have seemed good enough to be placed on the ticket.

XVII




Печатени изданија
Print editions, 1999-2001

XVIII




Карти / Tickets
2003

From all this we can conclude that although „Vardar“ has a rich history of club insignia, and although they largely follow a pattern that repeats over time (a red shield with vertical black stripes and a letter „B“ over them), unfortunately, it was not always heeded to keep a consistency in the use of an appropriate official version of the emblem. The author of these lines expresses doubt whether one can talk about the existence of a single official version of the club's emblem in any time period. And to this day, the practice to use a different version in the press, another application on the jersey, third on the website etc., continues. The hope remains that in the near future the club will do more in this area, and so „Vardar“ will become a club that pays due attention to its trademark - its emblem. ■

**НАВОДИ • ENDNOTES**

Трајко Стаматоски, *Четири децении ФК Вардар*, Фудбалски клуб Вардар, Скопје, 1988.
Ивко Панговски, *Скопски фудбалски незаборави 1903 - 1993*, Студентски збор 1994